Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 02.11.2020

На 01.11.2020 во 22.20 часот на подрачјето на Центар од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Д.К.(22) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.11.2020 во 19.20 часот на ул.„Јуботенска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Д.Џ.(33) од Република Албанија, затоа што при преглед му била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово за понатамошна постапка.

На 01.11.2020 во 15.40 часот на подрачјето на Карпош, во Градски парк, од полициски службеници од СВР Скопје била лишена од слобода А.С.(30) од Скопје, бидејќи кај неа била пронајдена и одземена марихуна. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.11.2020 во 18.50 часот во Полициското одделение Галате било пријавено дека во угостителски објект во с.Добридол, гостиварско, сопственост на М.И.(33) од ова село, била организирана свадбена веселба од М.И.(55) од с.Врапчиште, гостиварско, на која присуствувале околу 120 гости. Полициски службеници во содејство со Државен пазарен инспекторат излегле на местото на настанот и објектот бил затворен, а ќе следат и соодветни поднесоци.

На 01.11.2020 полициските службеници од СВР Битола извршиле акциска контрола за откривање прекршоци за непрописно престигнување, при што кај 22 возачи е констатирано непрописно престигнување. Откриени се 23 останати прекршоци.

На 01.11.2020 во 09.20 часот во Скопје на крстосница од ул.„Наум Наумовски Борче" и ул.„Аминта Трети", патничко возило „опел", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Ќ.Џ.(30) од Гостивар, удрило во пешак Т.Х.(88) од Скопје. По незгодата Т.Х., бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Скопје.

На 01.11.2020 во периодот од 10.00 до 16.00 часот на подрачјето на СВР Струмица спроведена е акциска контрола за откривање на прекршоци за непрописно престигнување и обиколување. Во акцијата се констатирани 26 прекршоци кои се соодветно санкционирани.

На 01.11.2020 во 19.00 часот во Скопје на ул.„Скупи" се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко возило „сеат ибица", со скопски регистарски ознаки, управувано од Џ.К.(28) од Скопје, велосипедист А.Ѓ.(48) од Скопје и пешак С.Ј.(21) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот А.Ѓ., а со телесни повреди пешакот С.Ј., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Скопје.

На 01.11.2020 во 11.40 часот на граничен премин „Деве Баир" од полициски службеници бил приведен К.Х.(43) од Р.Турција, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа", казниво по чл.378 од Кривичниот законик. Тој е предаден на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 01.11.2020 во СВР Скопје, Б.С.(42) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Центар, била касната од куче скитник.

На 01.11.2020 во 19.30 часот во СВР Скопје, М.Д.(18) од Скопје пријавила дека на ул.„Темко Попов" била касната од куче скитник.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", ОВР Струга поднесе кривична пријава против М.М.(34), од струшкото село Радолишта. Тој, на 19.09.2020 година, на улицата „ЈНА" во Струга, откако забележал полициски службеници кои вршеле службени дејства, не го сопрел возилото и побегнал кон с.Радолишта. При преглед на возилото кое го оставил во селото, полициски службеници пронашле марихуана.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.С.(36) од Куманово, поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Тој, на 24.02.2020 година, бесправно навлегол во компјутерските податоци на кредитната картичка, сопственост на А.А. од Охрид и извршил шест трансакции, со кои се стекнал со противправна имотна корист од околу 6.000 денари.

На 01.11.2020 во 11.00 часот во СВР Скопје, Д.Н.(42) од Скопје пријавил дека пред маркет на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од А.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2020 во Полициска станица Валандово било пријавено дека околу 05.10 часот, на магистрален пат А1 во близина с.Марвинци, на место викано ,,Надвозник", патничко возило „југо корал 45", со велешки регистарски ознаки, сопственост на Г.П.(70) од Гевгелија, а управувано од непознато лице, удрило во бетонски столб од надвозник, при што од ударот настанал пожар во возилото, кое целосно изгорело, а возачот починал на местото. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Валандово, а од лекар била констатирана смрт кај возачот. Увид на местото на незгодата извршила екипа од Полициска станица Валандово, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција.

На 01.11.2020 во 03.40 часот во СВР Скопје, Д.В.(37) од Охрид пријавил дека околу 03.00 часот во с.Трубарево бил физички нападнат со дрвени и метални предмети од три лица, по што едно од лицата физички го нападнало и А.С.(69) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2020 во 19.38 часот во Полициската станица Крушево, А.М.(30) од с.Зајас пријавил дека, додека управувал патничко возило „фолкваген туарег", со кичевски регистарски ознаки, во с.Сажево бил пресретнат од А.Ј и С.Ј. од истото село, кои со оружје пукале во неговото возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2020 во 08.15 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека од Јавната установа за згрижување на деца со воспитни и социјални проблеми се оддалечил нивниот штитеник Б.С.(18) од Куманово. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 01.11.2020 во 20.46 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Ѓорче Петров двајца малолетници од Скопје биле физички нападнати од неколку лица, од кои едното имало остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2020 во 21.00 часот во Полициската станица Чаир, А.Н.(42) од Скопје пријавил дека околу 19.45 часот, додека управувал патничко возило, на подрачјето на Бутел бил запрен од друго возило од кое излегле три лица и физички го нападнале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет